20222744160

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 декември 2022 година.

Бр. 08-5180/1
13 декември 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

Член 1

Во Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија” број 37/1997, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14, 56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16, 119/16, 21/18 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 124/19 и 103/21), членот 87-ќ се менува и гласи:

„Платата на давателите на јавни услуги и помошно - техничките лица се состои од следниве компоненти:

- основна компонента и
- исклучителна компонента.

Основната компонента на плата ја сочинуваат:

- минималната плата,
- дел на плата за степен на образование,
- дел за плата на ниво и
- дел на плата за работен стаж.

Делот на плата за степенот на образование кое е законски минимум за соодветното ниво на работното место се вреднува на следниов начин:

| НИВО НА КВАЛИФИКАЦИИ /ОБРАЗОВАНИЕ | БОДОВИ |
|---|---|
| Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршено VII/1 степен | 56 |
| Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС | 31 |
| Ниво на квалификации V А, 90 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование | 11 |
| Ниво на квалификации IV, 180 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование | 1 |

Делот на плата за нивото на плата на кое вработениот е распореден се вреднува на следниов начин:

| НИВО | БОДОВИ |
|---|---|
| ДАВАТЕЛИ НА ЈАВНИ УСЛУГИ | |
| Категорија А | |
| А1-координатор на оддел | 172 |
| А2 - виш стручен службеник за подготовка за вработување | 106 |
| А3- самостоен стручен службеник за подготовка за вработување | 71 |
| А4 - стручен службеник за подготовка за вработување | 56 |
| А5 - помлад стручен службеник за подготовка за вработување | 25 |
| Категорија Б | |
| Б1- координатор на оддел | 172 |
| Б2 - виш стручен службеник за посредување при вработување | 106 |
| Б3- самостоен стручен службеник за посредување при вработување | 71 |
| Б4 - стручен службеник за посредување при вработување | 56 |
| Б5- помлад стручен службеник за посредување при варботување | 25 |
| ПОМОШНО ТЕХНИЧКИ ЛИЦА | |
| Категорија А ниво А1 | 15 |
| Категорија А ниво А2 | 10 |
| Категорија А ниво А3 | 5 |

Делот на плата за работниот стаж на давателите на јавни услуги и на помошно-техничките лица се вреднува во износ од 0,5% од збирот на минималната плата, делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.“.

Член 2

Одредбите од членот 1 од овој закон со кој се менува членот 87-ќ ќе се применуваат со исплата на платата за месец март 2022 година.

Член 3

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.